Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Арх.бр. УП1-15 1718/2022

Дата........15 -09- 2022

Врз основа на член 88 од Законот за општата управна постапка (“Службен весник на Република Македонија” бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” бр.39/04) и член 42, став 9 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Општина Карбинци, се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на 10(20) kV кабелски вод за приклучок на фотоволтаична централа во КО Горни Балван, КО Долни Балван и КО Крупиште, Општина Карбинци.**

Должината на предметната траса изнесува околу 5,14 km. Трасата на кабелски вод е од почетна точка на постоечка ТС 35/10(20) kV ”Балван” која се наоѓа во непорседна близина на с.Долни Балва на КП 290 во КО Долни Балван до крајна точка бетонски столб на КП 1916/1 во КО Крупиште, Општина Карбинци.

Предметната траса се сече со траси за коишто се издадени Услови за планирање на просторот за Урбанистички план за брана “Кнежино” и придужни објекти како дел од ХС “Злетовица” , со технички број У16906, и “35 kV кабелски подземен вод, за поврзување на новапланирана ТС 35(20)/0,66 kV, ТС 35(20)/0,48 kV и ТС 35(20)/0,4 трафостаница на КП 352/1 и КП 352/2, со постоечка трафостаница ТС 35/10 kV на КП 290 во КО Долни Балван, Општина Карбинци”, со технички број У16721.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y03521** се составен дел на Решението.

3. Реализацијата на проектот - изградба на 10(20) kV кабелски вод за приклучок на фотоволтаична централа во КО Горни Балван, КО Долни Балван и КО Крупиште, Општина Карбинци, треба да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уредност на максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животна средина.

4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградба на 10(20) kV кабелски вод за приклучок на фотоволтаична централа во КО Горни Балван, КО Долни Балван и КО Крупиште, Општина Карбинци, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животна средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

5. При донесување на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за изградба на 10(20) kV кабелски вод за приклучок на фотоволтаична централа во КО Горни Балван, КО Долни Балван и КО Крупиште,


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Општина Карбинци, задолжително да се земат во предвид претходно наведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Општина Карбинци, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), поднесе барање преку електронскиот систем е-урбанизам, со број на постапка УПП 34330 од 02.03.2021 година, до Агенцијата за планирање на просторот, за издавање на Услови за планирање на просторот за **изградба на 10(20) kV кабелски вод за приклучок на фотоволтаична централа во КО Горни Балван, КО Долни Балван и КО Крупиште, Општина Карбинци.**

Должината на предметната траса изнесува околу 5,14 km. Трасата на кабелски вод е од почетна точка на постоечка ТС 35/10(20) kV "Балван" која се наоѓа на КП 290 во КО Долни Балван до крајна точка бетонски столб на КП 1916/1 во КО Крупиште, Општина Карбинци.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изградба на 10(20) kV кабелски вод за приклучок на фотоволтаична централа во КО Горни Балван, КО Долни Балван и КО Крупиште во Општина Карбинци, и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1718/2022 од 09.09.2022 година.

Условите за планирање на просторот за изградба на 10(20) kV кабелски вод за приклучок на фотоволтаична централа во КО Горни Балван, КО Долни Балван и КО Крупиште, Општина Карбинци, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од "Просторниот план на Република Македонија", претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општата управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение за **Услови за планирање на просторот за изградба на 10(20) kV кабелски вод за приклучок на фотоволтаична централа во КО Горни Балван, КО Долни Балван и КО Крупиште во Општина Карбинци** и одлучи како во диспозитивот.

**Упаство за правно средство**: Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Изготвил: Исмаил Шехаби
Одобрил: Соња Фурнаџиска


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk